Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
35/1996
Датум на објавување:
15.7.96

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА НА ГРОБИШТАТА И ГРОБОВИТЕ НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ КОИ СЕ НАОЃААТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденцијата на гробиштата и гробовите на борците паднати во Антифашистичката војна и во другите националноослободителни војни на Македонија кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија.

## Член 2

Евиденцијата на гробиштата и гробовите на паднатите борци се води врз основа на расположивата документација за гробиштата, заедничките гробови и поединечните гробови.

Заради водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член, се собираат податоци за гробиштата и гробовите на паднатите борци.

## Член 3

Евиденцијата на гробиштата и гробовите се води со запишување на податоци во книгата на гробиштата и гробовите на паднатите борци.

## Член 4

Во книгата на гробиштата и гробовите на паднатите борци се внесуваат следните податоци: реден број; презиме, татково име и име - надимак, односно „непознат", доколку погребаниот борец е непознат; место и датум на раѓање; место и датум на загинување; чин и должност во моментот на загинувањето; единица на која и припаѓал; место и датум на погребувањето; начин на погребување - во индивидуален гроб, во заеднички гроб со друг член од семејството, во заеднички гроб со друг борец - борци; број на парцела и гробно место; дали гробот е уреден и од кого; извор на податоците и забелешка.

## Член 5

Податоците од членот 4 на овој правилник во книгата на гробиштата и гробовите на паднатите борци се запишуваат врз основа на јавни исправи или други веродостојни податоци.

## Член 6

Образецот на книгата на гробиштата и гробовите на паднатите борци, е отпечатен кон овој правилник и е негов составен цел.

## Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Број 12-3349/1-96
1 јули 1996 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.